интерпромет
а. д.
Бр. 0202-4671/1
24.11.2025 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 521 од Законот за трговските друштва и член 34, став 1, точка 13 од Статутот на Друштвото, Управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово, со седиште на ул. „Илинденска“ бр. 18-а – Тетово, со ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, на седницата одржана на ден 24.11.2025 година, го донесе следниот:

# ПЛАН ЗА ПОДЕЛБА НА ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО ПО МОДЕЛ - ИЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ НА НОВО ТРГОВСКО ДРУШТВО

## I. Форма, фирма и седиште на друштвото што се дели со издвојување со основање и на новооснованото друштво - корисник

### Член 1

**А. Друштво што се дели по модел издвојување со основање:**

- **Фирма:** ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово.
- **Форма**: 05.5 - Акционерско друштво (АД).
- **Седиште**: ул. „Илинденска“, бр.18-а, Тетово.
- **ЕМБС**: 4057783
- **ЕДБ:** 4028974115871
- **Приоритетната дејност**: 68.200 – Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг).

Врз основа на овој План за поделба со издвојување со основање, дел од имотот, обврските и побарувањата на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе преминат на новоосновано друштво формирано во форма на друштво со ограничена одговорност, при што друштвото ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе продолжи да постои.

**Б. Податоци за новооснованото друштво:**

- **Фирма:** Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово
- **Форма:** 05.3 - Друштво со ограничена одговорност (ДОО)
- **Седиште:** ул.„Маршал Тито“, бр.ББ, Тетово
- **Приоритетната дејност**: 68.200 – Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг).

Доколку во постапката за поделба повеќе од 50 акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово се произнесат дека сакаат да преземат удел/акции во новооснованото друштво, новооснованото друштво ќе биде основано во форма на акционерско друштво.

Доколку во постапката за поделба само еден акционер на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово се произнесе дека сака да преземе удел во новооснованото друштво, новооснованото друштво ќе биде основано во форма на 05.4 - Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) и фирмата ќе гласи Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДООЕЛ Тетово.

## II. Начин на којшто ќе се изврши преносот на имотот и на обврските од друштвото што се дели на друштвата коишто се основаат

**Член 2**

Врз основа на овој План за поделба со издвојување со основање, ќе се изврши универзален пренос на дел од средствата (активата), како и дел од обврските и капиталот-главнината (пасивата) на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на новоснованото друштво, според биланс на состојба на ден 31,08,2025 година.

**Член 3**

Овој план претставува правен основ за упис на промена на носителот на правото на сопственост на имотот што се пренесува од друштвото што се дели во новоснованото друштво, за кој според применливите законски прописи е потребен упис во јавна книга, односно соодветен регистар (Агенција за катастар на недвижности)

**Член 4**

Друштвото што се дели и новоснованото друштво ќе одговараат исклучиво поединечно за обврските кон доверители преземени со Планот за поделба, при што нема да постои солидарна одговорност помеѓу овие трговски друштва.

**Член 5**

Врз основа на овој План за поделба, дел од имотот, правата, обврските и капиталот на друштвото што се дели ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово се пренесуваат на новоснованото друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово, при што имотот, правата и обврските на друштвото што се дели, вклучувајќи ја и неговата основна главнина се намалуваат сразмерно на имотот, правата и обврските што се пренесуваат на новоснованото друштво.

## III. Целта и условите под коишто се врши поделбата со издвојување со основање

**Член 6**

Поделбата на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово се спроведува од деловни и организациски причини. Поделбата има за цел да им се даде можност на постојните акционери во друштвото да преземат удел во новоснованото друштво во согласност со условите определени со овој План за поделба, а во насока на подинамичен развој на двете друштва и поголема независност на акционерите и деловните потфати. Со постоењето на две посебни правни лица со помал капитал и обврски, ќе се овозможи поефикасно работење, поголема флексибилност на друштвата, и полесно прилагодување кон променливите пазарни услови, а со крајна цел остварување на подобри финансиски резултати на секој од субјектите.

**Член 7**

Согласно условите определени со овој План за поделба, поделбата со издвојување со основање ќе се изврши на начин што дел од имотот, правата и обврските на друштвото што се дели со состојба на ден на денот на Решението за упис на поделбата во Централниот регистар на Република Северна Македонија ќе се пренесат на новоснованото друштво.

Во сметководствената евиденција на друштвото што се дели, вредностите искажани во годишната сметка (билансот на состојбата), кои се пренесуваат во новоснованото друштво, ќе се искажуваат соодветно во билансите на новоснованото друштво.

## IV. Вредност на активата и пасивата која што се пренесува од друштвото што се дели на новооснованото друштво (делбен биланс)

**Член 8**

Вредноста на активата и пасивата на друштвото што се дели ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, според билансот на состојбата на ден 31.08.2025 година, е како што следи:

- Вредноста на активата на друштвото изнесува **182.519.120** денари;
- Вредноста на пасивата на друштвото изнесува **182.519.120** денари.

Детален опис на активата и пасивата на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово пред поделбата е даден во Биланс на состојба со состојба на ден 31.08.2025 година, кој е даден во прилог и претставува составен дел од овој План.

**Член 9**

Делот од активата што се пренесува на новооснованото друштво – Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово изнесува **73.207.054** денари.

Делот од пасивата што се пренесува на новооснованото друштво – Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово изнесува **73.207.054** денари.

Деталниот опис на активата и пасивата што се пренесува на новооснованото друштво – Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово е даден во Биланс на состојба составен со состојба на денот на пресек 31.08.2025 година, кој од сметководствена гледна точка ќе биде почетен биланс и основна главнина на новооснованото друштво. Овој биланс е даден во прилог кој Планот за поделба и претставува негов составен дел.

**Член 10**

Вредноста на активата на друштвото што се дели ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово по спроведената статусна промена ќе изнесува **109.312.066** денари.

Вредноста на пасивата на друштвото што се дели ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово по спроведената статусна промена ќе изнесува **109.312.066** денари.

Деталниот опис на активата и пасивата на друштвото што се дели ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово по поделбата е даден во Билансот на поделба со состојба на ден 31.08.2025, кој е даден во прилог и претставува составен дел од овој План.

**Член 11**

На новооснованото друштво новооснованото друштво – Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово му се пренесува дел од активата и пасивата и тоа:

I. Од активата се издвојува и пренесува дел во вкупен износ од **73.207.054,00** денари, и тоа:

- Објекти и земјиште Гроцка Тетово – запишани во имотен лист бр.33398 за КО Тетово 1 и тоа земјиште со набавна вредност од **3.061.288** денари и објекти со Набавна вредност од **70.814.880,72** денари, Исправка на вредноста **20.669.115.01** денари и сегашна вредност од **50.145.765,71** денари.

Детален опис на недвижниот имот кој ќе му припадне на новооснованото друштво е даден во прилог кон овој План за поделба како листа на недвижен имот кој ќе му припадне на новооснованото Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово.

- Парични средства во износ од **20.000.000** денари.

II. Од пасивата се издвојува и пренесува дел во вкупен износ од **73.207.054 денари**, и тоа:

- Запишан капитал во износ од **68.523.942** денари односно **1.111.914** евра (20.912 обични акции кои се конвертираат во удели во новото друштво).
- Резерви во износ од **4.683.112** денари.

## V. Соодносе на размена на акциите

### Член 12

Акционерите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, во постапката за замена за акциите ќе можат да преземат удел како содружници во новооснованото друштво, сразмерно на учеството на нивните акции во номиналната вредност на основната главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

Повлекувањето на акции, односно стекнувањето на удели ќе се спроведува во согласност со овој План за поделба.

### Член 13

Основната главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе се намали сразмерно на номиналниот износ на акциите за кои акционерите презеле удел во новооснованото друштво. По намалување на основната главнина за номиналната вредност на акциите за кои акционерите презеле удел во новооснованото друштво основната главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе изнесува **98.440.693** денари односно **1.597.386** евра и ќе биде составена од **29.702** обични акции во вредност од **1.579.255** евра и **341** приоритетно комулативни акции во вредност од **18,131** евра резервирани за поранешните сопственици. Ова значи дека вкупната главница на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе биде поделена на вкупно **30.043** акции со ниминална вредност од **53,17** евра по акција во вредност од **1.597.386** евра .

### Член 14

1. Номиналната вредност на една акција на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово изнесува **53,17** евра.
2. Проценетата вредност на една акција, која е еднаква на нејзината книговодствена вредност, со состојба на ден 31,08,2025 година, изнесува **58,34** евра.
3. Проценетата вредност на една акција, која е еднаква на нејзината книговодствена вредност, со состојба на ден 31,12,2024 година според последните ревидирани финансиски извештаи, изнесува **63,32** евра
4. Вредноста на акцијата согласно со последното тргување во периодот на последните ревидирани финансиски извештаи на Македонската берза за хартии од вредност изнесува **4,500** денари односно **73** евра и тоа ќе биде понудена цена за акциите на акционерите кои ќе се изјаснат дека не сакаат да преземат удел или акции по извршената статусна промена

Бројот на акции кој се разменува за удели во новооснованото друштво изнесува **20.912** акции со номинална вредност од **53,17**, сметководствена вредност од **58,34** евра и вредност според последното тргување на Македонската берза за хартии од вредност изнесува **4.365** денари односно **70,99** евра а во периодот на последните ревидирани финансиски извештаи **4.500,00 денари односно 73,02 евра.** Вредноста на акциите кои се разменуваат за удели според годишната сметка на 31.08.2025 година изнесува **1.111.914 евра** која вредност ќе биде основна главнина на новооснованото друштво.

## VI. Права и посебни погодности што им се признати на акционерите, односно содружниците

**Член 15**

На акционерите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово како друштво што се дели, ниту на содружниците на новооснованото друштво, не им се признаваат посебни права или погодности, освен правата и погодностите кои произлегуваат од Законот за трговските друштва и основачките акти на друштвата.

## VII. Начин на преземање на удели во новоснованото друштво

**Член 16**

Секој акционер на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово како друштво коешто се дели со издвојување со основање има право најдоцна 15 дена пред одржувањето на собранието на кое ќе одлучува за потврдувањето на овој План за поделба самостојно и слободно да се изјасни:

- Дека за сите или дел од своите акции ќе преземе удел во новоснованото друштво, и по потреба, разлика во пари чијшто износ не може да надмине 10% од примените удели;
- Дека не сака за неговите акции да преземе удел во новоснованото друштво, и бара од ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да му ги откупи неговите акции според понудената цена утврдена во овој План за поделба.

Акционер кој во рокот определен со овој План за поделба не се изјаснил за некоја од опциите од став 1 од овој член, останува акционер во ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

**Член 17**

Изјаснувањето на акционерите ќе се спроведува преку нотарски заверени изјави дадени во писмена форма и тоа:

- Изјава за акционерот дека за сите или дел од своите акции ќе преземе удел во новоснованото друштво, дадена на образец кој се наоѓа во прилог и претставува составен дел од овој План за поделба, или
- Изјава на акционерот дека не сака за неговите акции да преземе удел во новоснованото друштво, и бара од ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да му ги откупи неговите акции според понудената цена утврдена во овој План за поделба, која изјава е дадена на образец кој се наоѓа во прилог и претставува составен дел од овој План за поделба.

За акционерите кои не дале изјава за преземање на удел во новоснованото друштвто ќе се смета дека остануваат како акционери во ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

**Член 18**

ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, во рок од најмалку 30 дена пред одржувањето на собранието на акционери на кое ќе се гласа за потврдување на Планот за поделба, ќе ги извести сите акционери поединечно за донесениот План за поделба и ќе ги повика да се произнесат на еден од начините определени во членот 16.

Ќе се смета дека известувањето е извршено со испраќање на препорачано писмо на адресите на акционерите запишани во акционерската книга на друштвото.

Планот за поделба, изјавите за произнесување од членот 17, како и сите останати документи во врска со статусната промена ќе бидат ставени на располагање за увид од страна на акционерите во просториите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, во рок од најмалку 30 дена пред одржувањето на собранието на акционери на кое ќе се гласа за потврдување на Планот за поделба.

**Член 19**

Изјавите од членот 17 се доставуваат лично од акционерите преку архивата на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово или со препорачана пошта на адресата на седиштето на друштвото.

Рокот за доставување на изјавите до друштвото е најдоцна 15 дена пред датумот на одржување на собранието на акционери на кое ќе се гласа за потврдување на Планот за поделба.

Изјавите доставени по истекот на рокот од став 2 нема да бидат земени во предвид.

**Член 20**

Акционерите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово кои презеле удел во новооснованото друштво ќе бидат запишани како содружници во книгата на удели на друштвото и во трговскиот регистар кој се води во рамките на Централниот регистар на РСМ.

Лицата од став 1 ќе се смета дека имаат право на учество во добивката на новооснованото друштво сметано од денот на уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар кој се води во рамките на Централниот регистар на РСМ.

При основањето на друштвото, во билансите на истото соодветно ќе бидат евидентирани и приходите и расходите поврзани со имотот кој се пренесува на новооснованото друштво сметано од датумот на упис на друштвото во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Евентуалната добивка остварена во овој период исто така ќе им припадне на содружниците на новооснованото друштво, во согласност со применливите прописи за пресметка на добивка.

Акциите за кои акционерите на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово презеле удел во новооснованото друштво ќе се поништат.

## VIII. Датум на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвото што се дели

**Член 21**

Деловните активности на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, како друштво што се дели, не престануваат.
Друштвото ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово продолжува со своите деловни активности и по уписот на статусната промена за поделба со издвојување со основање во трговскиот регистар кој се води во рамките на Централниот регистар на РСМ.

## IX. Датум од кога зделките на друштвото што се дели со издвојување со основање од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на новооснованото друштво

**Член 22**

Зделките кои произлегуваат или се во врска со имотот којшто согласно овој План за поделба ќе се пренесе на новооснованото друштво, ќе се сметаат за зделки на новооснованото друштво сметано од денот на упис на новооснованото друштво во Трговскиот регистар кој се води во рамките на Централниот регистар на РСМ.

## X. Посебни погодности на членови на орган на управување или на надзорен орган

**Член 23**

Со овој План за поделба не се предвидуваат посебни погодности за органите на управување и надзор на друштвото што се дели и на новооснованото друштво.

## XI. Услови под кои на вработените во новооснованото друштво им продолжува работниот однос

**Член 24**

Во ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово (Друштво што се дели со издвојување со основање) на денот на донесувањето на овој план за поделба нема вработени лица кои би го продолжиле работниот однос во новооснованото друштво.

Во случај доколку во текот на постапката произлезе потреба од преземање на вработени во новооснованото друштво, преземањето ќе се спроведе веднаш по уписот на статусната промена во трговскиот регистар, при што на вработените кои се преземаат ќе им престане работниот однос во друштвото што се дели и ќе бидат одјавени од задолжително социјално осигурување од ова друштво и истовремено ќе склучат договор за вработување и ќе бидат пријавени во задолжително социјално осигурување во новооснованото друштво.

Списокот на вработени кои ќе бидат преземени од страна на новооснованото друштво претставува составен дел од овој план за поделба.

## XII. Рок на подготвување на годишната сметка

**Член 25**

Во рок од 60 дена по Донесување на решението уписот на статусната промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија, ќе биде составена годишна сметка на друштвото кое се дели, со датум на упис на статусната промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## XIII. Останати одредби

**Член 26**

Се овластува и задолжува Претседателот на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, овој План за поделба, заедно со законски пропишаните прилози, да го достави до надлежен нотар заради изготвување на нотарски акт, како и да го потпише изготвениот нотарски акт.

**Член 27**

Известување за изготвениот План за поделба во форма на нотарски акт ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и најмалку во еден дневен весник, најмалку еден месец пред пред одржувањето на собранието на акционери на коешто ќе се одлучува за поделбата на друштвото.

Нотарскиот акт на Планот за поделба ќе се достави до Централниот регистар на РСМ заради негова предбележба, најдоцна еден месец пред одржувањето на собранието на акционери на коешто ќе се одлучува за поделбата на друштвото. По извршената предбележба друштвото ќе објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" дека е извршена предбележба во трговскиот регистар и дека планот за поделба со прилозите кон истиот е достапен за увид во просториите на друштвото.

**Член 28**

Познатите доверители на друштвото чии побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност ќе бидат известени за донесувањето на Планот за поделба по писмен пат, поединечно со препорачана пратка испратена до местото на живеење, а ако доверителот е правно лице до неговото седиште.

Сите доверители и други заинтересирани лица ќе имаат можност да извршат увид во Планот за поделба и прилозите кон него, во просториите на седиштето на друштвото.

**Член 29**

Овој План за поделба, пред неговото потврдување од страна на собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, ќе биде предмет на ревизија од овластен ревизор определен од страна на управниот одбор на друштвото.

**Член 30**

Управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, пред потврдувањето на овој План од страна на собранието на акционери на друштвото, ќе подготви изештај во писмена форма, во кој:

1) Ќе бидат образложени причините, односно целта којашто треба да се постигне со поделбата;
2) Ќе бидат образложени правните и деловните прашања, како и предложените правни и економски основи под коишто ќе се врши поделбата;
3) Ќе бидат објаснети и методите со коишто е утврден соодносот според којшто ќе се врши замена на уделите, односно на акциите и критериумите за нивната распределба;
4) Ќе биде образложена содржината на документите и на предлогот за поделбата;
5) Ќе бидат опишани тешкотиите коишто се појавиле во текот на постапката при процената на имотот и на обврските;
6) Ќе ги наведат непаричните влогови, како и проблемите коишто произлегле при нивната процена, и ќе упатат на извештаите според кои овие непарични влогови биле проценети и на начинот на којшто извештаите се достапни за увид;
7) Ќе бидат образложени промените на имотот и на обврските настанати од денот на склучувањето на донесувањето на планот за поделба до денот на одржувањето на собранието на коешто ќе се одлучува за поделбата и
8) Ќе бидат објаснети измените извршени во планот за поделба заради нивната обврска да постапат според укажувањата на овластениот ревизор.

**Член 31**

За потврдување на Планот за поделба ќе се одлучува на собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, кое ќе се закаже во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

Пред одржувањето на собранието на акционери, на сите акционери во седиштето на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе им биде достапна целокупната документација во врска со спроведувањето на поделбата, и тоа:

1) Овој План за поделба, со сите негови прилози;
2) Годишните сметки и годишните извештаи за работењето на друштвото што се дели за последните три години;
3) Годишната сметка за друштвото што се дели подготвена согласно член 524 од ЗТД;
4) Извештајот подготвен од управниот одбор на друштвото;
5) Извештајот од овластениот ревизор;
6) Други значајни информации и известувања коишто се од значење за одлучувањето за поделбата.

**Член 32**

Овој План за поделба ќе стане полноважен откако истиот ќе биде потврден од страна на собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

Одлуката за потврдување на планот за поделба се донесува со тричетвртинско мнозинство од вкупниот број акции со право на глас, во согласност со членот 29 став 2 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

Одлуката за потврдување на Планот за поделба ќе има карактер на одлука за поделба на друштвото.

Истовремено со донесувањето за одлуката за потврдување на Планот за поделба, собранието на акционери ќе донесе и одлука за измена на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, како и одлука за усвојување на изјава/договор за основање на новооснованото друштво.

Записникот од собранието на акционери на кое ќе се одлучува за потврдување на Планот за поделба ќе го води нотар. Планот за поделба ќе биде приложен и ќе претставува составен дел од записникот од одржаното собрание.

**Член 33**

По спроведувањето на статусната промена и реализацијата на поделбата, правата и обврските кои произлегуваат од сите важечки договори за закуп кои се однесуваат на недвижниот имот предмет на поделбата кој врз основа на овој План за поделба ќе пређе во сопственост и владние на новооснованото друштво – Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово, а кои се склучени од страна на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово како закуподавец, ќе бидат преземени од страна на новооснованото друштво под истите услови под кои Договорите за закуп биле склучени.

**Член 34**

На сите прашања кои не се уредени со овој План за поделба ќе се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва и останатите применливи позитивно-правни прописи на Република Северна Македонија.

Сите измени и дополнувања на овој План за поделба за кои би настанала потреба, ќе се уредат со писмен Анекс кон овој План за поделба.

**Член 35**

Сите трошоци поврзани со реализацијата на овој План за поделба ќе ги сноси друштвото коешто се дели.

**Член 36**

Во случај на евентуален спор кој би произлегол во врска со реализацијата на овој План за поделба, надлежен ќе биде Основниот суд Тетово.

**За ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово,**
**Претседател на управен одбор,**
**Билал Лутфии**

ИНТЕРПРОМЕТ ТЕТОВО 1 а.д.

_______________________

**Прилози:**

1. Одлука за поделба со издвојување
2. Предлог Договор за основање за новото друштво
3. Листа на содружници во новото друштво
4. Список на вработени кои го продолжуваат работниот однос во друштвото коешто презема;
5. Список на Договори за закуп
6. Изјава од акционер за преземање удел во новоосновано друштво
7. Изјава од акционер за неприфаќање удел во новоосновано друштво
8. Изјава од Министерство за финансии на РС Македонија
9. Полномошно од акционер како лице кое презема удел во новоосновано друштво
10. Индекс на поделба
11. Биланс на поделба
12. Имотни листови (Имот кој се пренесува во новото друштво)
13. Годишна сметка и почетен биланс
14. Предлог – Акцинерска книга по извршена статусна промена на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово
15. Предлог – Книга на удели

Во согласност со член 521 од Законот за тговските друштва и член 34, став 1, точка 13 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало- Тетово, со седиште на ул.Илинденска бр.18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-453/1 од 15.09.2021 година, управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово на седницата одржана на ден 24.11.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ПОДЕЛБА НА ДРУШТВОТО**

**Член 1**

**ДОНЕСУВА** Планот за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво, со содржина и прилози дадени во **Прилог 1** од оваа одлука.

**Член 2**

Врз основа на наведеното во член 1 од оваа одлука, **СЕ ОВЛАСТУВА и СЕ ЗАДОЛЖУВА** Претседателот на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, Билал Лутфии, Планот за поделба, заедно со сите негови прилози, да го достави до надлежен нотар заради изготвување на нотарски акт согласно закон, да го потпише нотарскиот акт, да го објави донесениот план за поделба во Службен Весник на РСМ да спроведе постапка за предбележување на планот за поделба во трговскиот регистар, да го објави предбележувањето на планот за поделба во Службен Весник на РСМ, да спроведе активности за известување на доверителите согласно закон, како и да ги преземе сите останати потребни дејствија, пред сите надлежни органи и институции, банки и финансиски институции, физички и правни лица, со цел успешна реализација на оваа одлука и успешно комплетирање на постапката за поделба на Друштвото, во согласност со применливите законски прописи, Статутот и останатите акти на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Од страна на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, идентификувана е потреба за статусни промени во Друштвото поради деловни и организациски причини, а со цел прилагодување на деловните активности со актуелните и идните состојби на пазарот и максимизирање на потенцијалот за успешно и профитабилно работење.

Со поделбата со издвојување со основање, ќе им се даде можност на постојните акционери во друштвото да преземат удел во новооснованото друштво во согласност со условите определени со Планот за поделба, а во насока на подинамичен развој на двете друштва и поголема независност на акционерите и деловните потфати.

Со постоењето на две посебни правни лица со помал капитал и обврски, ќе се овозможи поефикасно работење, поголема флексибилност на друштвата, и полесно прилагодување кон променливите пазарни услови, а со крајна цел остварување на подобри финансиски резултати на секој од субјектите.

На ден 21.11.2025 година, од страна на надзорниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово е донесена Одлука за давање на претходно одобрение на управниот одбор за донесување на План за поделба на Друштвото, со која е одобрено да се пристапи кон преземање на дејствија за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво, и воедно управниот одбор е задолжен да изготви и донесе План за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво.

Изготвен е План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво, чија содржина беше едногласно и во целост прифатена и усвоена од сите членови на управниот одбор на Друштвото.

Имајќи го во предвид горенаведеното, управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател на Управен одбор
на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово

________________________

Билал Лутфии

***ПРИЛОГ 1 – План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, со прилози***

Врз основа на член 166, 169, 170, 171, 172, 176, 177 и 518 став 5 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) и ("Службен весник на РСМ" број 79/20, 123/20, 290/20, 215/21 и 22/99) основачите на друштвото на ден --.--.202- година го склучија следниот:

## ПРЕДЛОГ ДОГОВОР
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТРГОВСКО ДРУШТВОТО КАКО ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

### Член 1

Со овој договор се основа трговско друштво како друштво со ограничена одговорност – ДОО, а во согласност со Законот за трговските друштва.

### Член 2

Основачи на трговското друштво (во понатамошниот текст – Друштвото) се:

1. (Внесете податоци за содружник), и
2. (Внесете податоци за содружник),

* Доколку во постапката за поделба само еден акционер преземе удел во новооснованото друштво, новооснованото друштво ќе биде основано во форма на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице - ДООЕЛ.

### Член 3

Друштвото ќе работи под фирмата:

**Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово.**

Скратен назив на друштвото ќе биде:

**ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово.**

* Доколку во постапката за поделба само еден акционер преземе удел во новооснованото друштво, називот на новооснованото друштво ќе биде ДООЕЛ.

### Член 4

Седиштето на друштвото е во Тетово на ул."Маршал Тито", бр.ББ, Тетово.

### Член 5

Друштвото ќе работи како друштво со ограничена одговорност, што значи дека во правниот промет со трети лица ќе истапува во свое име и за своја сметка

### Член 6

Друштвото ќе ги врши следните дејности:

Дејности во внатрешно трговско работење:

Сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган – **Општа клаузула за бизнис.**

Дејности во надворешно трговско работење:

**Евидентираните дејности во надворешниот трговски промет.**

**Член 7**

Приоритетна дејност на друштвото/Главна приходна шифра е:

**68.200 – Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг)**

**Член 8**

Друштвото се основа на неопределено време, се додека постојат оправдани економски услови за обавување на дејностите за кои е регистрирано.

**Член 9**

Основната главнина на друштвото изнесува **1.111.914** евра, внесени како непаричен влог кој со сотои од:

- Конвертирани 20.912 акции во удел во постапка за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово по модел издвојување со основање со вкупна вредност од 1.111.914 евра.

**Член 10**

Влоговите на содружниците се како што следи:

- Содружникот (Внесете податоци за содружник) учествува со непаричен влог – конвертирани 20.912 акции во удел со номинална вредност од 1.111.914 евра кој претставува XX % од основната главнина на друштвото.
- Содружникот (Внесете податоци за содружник) учествува со непаричен влог – конвертирани 20.912 акции во удел со номинална вредност од 1.111.914 евра кој претставува XX % од основната главнина на друштвото.

**Член 11**

Друштвото се стекнува со статус на правно лице на денот на уписот во трговскиот регистар.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските преземени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

**Член 12**

Содружниците ризците од работењето на друштвото ги сносат до висина на основачкиот влог и не одговараат за обврските на друштвото.

**Член 13**

Со друштвото управува управителот на друштвото.

Управителот го застапува, претставува и управува со друштвото во правниот промет со трети лице.

Управителот е одговорен за уредно водење на трговските книги на друштвото во согласност со закон, останати важечки законски прописи и одредбите предвидени со овој договор за основање, исто така управителот е должен да ги води работите на друштвото со внимание на совесен и уреден трговец и е должен да ја чува деловната тајна на друштвото.

**Член 14**

Во случај на отсутност или спреченост на управителот, Друштвото го застапува и претставува лице определено од управителот или содружниците на друштвото со донесена писмена одлука.

**Член 15**

Управителот може на друг работник или трето лице да му даде писмено полномошно за застапување на Друштвото чија содржина и обем самостојно ги определува во рамките на своите овластувања.

**Член 16**

Друштвото го застапуваат и лицата со посебни овластувања и одговорности, како и други стручни работници кои раководат со деловните единици на Друштвото доколку истите се основани, но само во рамките на својот делокруг на работа.

**Член 17**

За управител на друштвото се именува лицето (Внесете име и презиме) со адреса на живеење на (Внесете адреса и место) со ЕМБГ -------------------------- и л.к. бр.-------------- издадена од МВР - Скопје кој ќе го застапува друштвото во внатрешниот и надворешниот трговски промет без ограничување.

Управителот и друштвото можат да склучат посебен договор во кој подетално ќе бидат регулирани правата и обврските на управителот.

**Член 18**

Управителот се именува на неопределно време се до негово писмено отповикување од страна на единствениот содружник или пак доколку истиот поднесе писмена оставка во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва.

**Член 19**

Управителот на друштвото е должен во седиштето на друштвото да ги чува следите акти и документи:

- примерок од Изјавата за основање со сите нејзини измени и дополнувања и сите пречистени текстови;
- прилози што се поднесени во трговскиот регистар при Централниот регистар;
- книгата на одлуки;
- книга на удели;
- ажурирана листа со име и презиме, местото на живеење на управителот на друштвото и членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот ако друштвото има орган за надзор;
- примерок од годишната сметка и од годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;
- документи за залог и за хипотека;
- колективен договор на ниво на друштво (доколку има);
- извештај на овластен ревизор и извештај на овластен проценувач доколку има такви; и
- други акти и документи определени со Законот за трговските друштва.

**Член 20**

За одлуките кои ќе ги донесат содружниците или управителот друштвото е должно да води книга на одлуки, одлуките управителот е должен да ги евидентира во книгата на одлуки во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва.

Одлуките се евидентираат во книгата на одлуки веднаш по донесувањето и се заверуваат со потпис на содружниците или управителот.

**Член 21**

Доколку содружниците одлучат да образуваат орган на надзор, членовите на надзорниот одбор, односно контролорот го избираат и го отповикуваат со своја одлука.

**Член 22**

Основачите го основаат друштвото и го вложуваат својот основачки влог заради остварување на добивка. приходите и расходите на друштвото се утврдуваат согласно позитивните норми и прописи.

Добивката се утврдува со периодична и годишна пртесметка, а добивката во смисла на овој договор е дел кој ќе преостане откако ќе се намират расходите и платите.

Обврската за покривање на загубата се намирува од трајниот влог на основачите.

Доколку главницата се намали под законскиот минимум, основачите се должни да ја надоместат со нови вложувања во предмети или пари.

**Член 23**

Добивката во смисла на одредбите на овој договор е делот од приходите на друштвото кој ќе преостане кога ќе се намират сите фискални, законски обврски и други неопходни обврски за нормално функционирање на друштвото, вклучувајќи ги и платите и придонесите за вработените.

**Член 24**

Содружниците одлучуваат за распоредување на добивката.

Во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

- износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку постои загуба);
- износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото;
- износот којшто се исплатува во вид на дивиденда;
- дополнителните издатоци врз основа на одлуката;
- евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка); и
- износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот од добивката за инвестиции.

**Член 25**

По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, содружниците го определуваат делот којшто ќе се додели во форма на дивиденда.

Содружниците може да исплатат дивиденда во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат.

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеца по завршувањето на деловната година.

**Член 26**

Органот на управување може во текот на деловната година врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте односно деветте месеци, ревидирани од страна на овластен ревизор да им исплати на содружниците аванс на дивиденда се во согланост со член 489 од Законот за трговските друштва.

Органот на управување може да им исплати аванс на дивиденда и на содружниците кои истапиле од друштвото, а за кои основачите се обврзал преку друштвото да исплати аванс на дивиденда за деловната година во која истапиле, притоа органот на управување е должен да го утврди датумот на евиденција согласно книгата на удели според кој ќе се определува идентитетот на содружниците кои имаат право да добијат аванс на дивиденда.

**Член 27**

Содружниците имаат право да даваат дополнителни доплати и над износот на влогот кога тоа е потребно за покривање на загубите на друштвото или за привремена неопходна потреба од парични средства.

Како неопходна потреба од ставот 1 на овој член се смета потреба за поголеми средства кои ќе се користат во тековното работење на друштвото и инвестирање на друштвото во набавка на материјали и суровини за работа, тековни инвестиции, купување на недвижен и движен имот, купување на машини и средства за работа и сл.

Со дополнителните доплати се овозможува друштвото да се стекне со парични средства од содружниците, без притоа да се зголемат влоговите на содружниците или пак да се даде заем на друштвото.

Со дополнителните доплати нема да може да се намируваат долговите на друштвото.

Дополнителните доплати не ги зголемуваат влоговите на содружниците како ни основната главнина на друштвото, освен кога со одлуката за дополнителни доплати е определено истите да бидат трансформирани во влог во друштвото согласно со одредбите од Законот за трговските друштва со кои е предвиден начинот на зголемување на основната главнина на друштвото.

Дополнителните доплати не мора да бидат сразмерни на уделот вложен во друштвото од страна на содружниците.

Дополнителните доплати можат да се уплаќаат на било која банкарска сметка на друштвото со назнака дека уплатата претставува дополнителна доплата.

Содружниците не можат својата обврска за дополнителна доплата да ја пребиваат со побарување кое го имаат према друштвото.

Ако престанат условите од ставот 2 на овој член за обврската на содружниците за давање дополнителни доплати, на содружниците мора да им се вратат дадените дополнителни доплати.

Враќањето не смее да се изврши пред истекот на три месеца сметано од денот кога одлуката за враќање на дополнителните доплати ќе биде донесена и објавена.

Враќањето на дополнителните доплати е допуштено само кога содружниците целосно го имаат платено влогот.

Враќањето на дополнителните доплати пред целосната уплата на влогот е ништовно.

**Член 28**

Деловна тајна претставуваат исправи и податоци утврдени со овој договор и другите акти на Друштвото чие соопштување на неовластено лице би било спротивно на работењето на Друштвото и би им штетело на интересите на деловниот углед на Друштвото.

**Член 29**

Покрај исправи и податоци кои со Закон се прогласени како деловна тајна во друштвото, како деловна тајна се сметаат и следните исправи и податоци:

- кои содружниците ќе ги прогласат за деловна тајна,
- технички решенија за производство на производи од дејноста на друштвото како и начинот кој се применува во работењето на друштвото,
- истражување и пронајдоци, патенти, трговски марки и лиценци,
- податоци за елементите на продажба на средствата и објектите во сопственост на друштвото или податоци за градби кои друштвото ги гради за познати или непознати инвеститори,
- мерките и начинот на постапување на друштвото во случај на настанување на вонредни околности или во случај на настанување на елементарни непогоди,
- интерни процени или вреднување на средствата на друштвото, хартиите од вредност или за деловните аранжмани со домашни и странски партнери,
- други исправи и податоци утврдени со овој акт.

Со посебен акт на друштвото кој го донесуваат содружниците на друштвото можат да се утврдат и други исправи и податоци кои можат да претставуваат деловна тајна.

**Член 30**

Деловната тајна се должни да ја чуваат содружниците, управителот, вработените во друштвото како и други физички и правни лица (и нивни вработени) кои учествуваат во работата на друштвото и се надворешни соработници на друштвото.

Соопштувањето на деловната тајна спротивно на одредбите на овој договор претставува потешка повреда на закон и претставува основ за надомест на штета и поведување на кривична постапка.

Лицето кое неовластено ќе соопшти деловна тајна на друштвото одговорно е за штетата која друштвото ја претрпело.

**Член 31**

Исправите и податоците кои претставуваат деловна тајна на трети лица, органи и организации може да им ги соопшти само Управителот на друштвото или од него овластено лице со писмено овластување.

Управителот им одговара на содружниците на друштвото за неговото постапување при оддавањето на деловните тајни.

**Член 32**

Друштвото може да престане во следните случаи:

- Со истекот на рокот за кој е основано;
- Со одлука на содружниците;
- Со ликвидација;
- Со одлука на регистарскиот орган;
- Со одлука за спојување со друго друштво, односно поделба;
- Со спроведување на стечај;
- Во други случаеви предвидени со закон.

**Член 33**

Сите измени на овој договор до кои би дошло во текот на работата на друштвото ќе се вршат согласно Законот за трговски друштва, а одлуките ги донесуваат основачите на друштвото.

Вработените во друштвото своите права ги остваруваат согласно законот за работните односи и општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството.

Со други акти на друштвото ќе се утврдат обврските и правата од работниот однос на вработените во друштвото.

**Член 34**

За се што не е предвидено со овој Договор за основање над работењето на друштвото ќе се применуваат одредбите на Законот за трговските друштва и неговите измени и надополонувања.

**Член 35**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по спроведувањето за упис на промената во друштвото во трговскиот регистар при Централниот регистар на Р.С. Македонија.

**ОСНОВАЧИ**

____________________

**(Внесете име и презиме)**

____________________

**(Внесете име и презиме)**

***ПРИЛОГ 2 – План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, со прилози***

Врз основа на член 521 став 3 точка 2 од Законот за трговските друштва, управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - Тетово со седиште на ул.Илинденска бр.18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 на седницата одржана на ден 24.11.2025 година, ја утврди следната:

**ЛИСТА НА АКЦИОНЕРИ**
**Кои ќе се стекнат удели во новооснованото друштво –**
**Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово**

Согласно План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало – Тетово по модел издвојување со основање на ново трговско друштво предвидено е конечната листа на содружници на новооснованото друштво да биде утврдена на собранието на акционери на кое ќе се гласа за потврдување на Планот за поделба на Друштвото.

Листата на акционери ќе ги содржи следните податоци:
1. Реден број;
2. Име и презиме на акционерот кој презема удел во новооснованото друштво;
3. Адреса на акционерот кој презема удел во новооснованото друштво;
4. Број на акции за кои се стекнува удел;
5. Номинална вредност на уделот во новооснованото друштво;
6. Процентуално учество во основната главнина на Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово.

Согласно член 16, 17, 18 и 19 од Планот за поделба, секој од акционерите ќе има можност со писмена изјава заверена на нотар да се произнесе:
- Дека за сите или дел од своите акции ќе преземе удел во новооснованото друштво и по потреба разлика во пари чијшто износ не може да надмине 10% од номиналлниот износ на преземените удели.
- Дека не сака за неговите акции да преземе удел во новооснованото друштво и бара од ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало – Тетово да му ги откупи неговите акции според понудената цена утврдена во Планот за поделба.

Акционер кој во рокот определен со планот за поделба нема да се изјасни за некоја од наведените опции ќе остане акционер во ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало – Тетово.

Рокот за доставување на изјавите од акционерите до друштвото е најдоцна 15 дена пред датумот на одржување на собранието на акционери на кое ќе се гласа за потврдување на Планот за поделба.

Врз основа на доставени изјави собранието на акциоенри на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало – Тетово на седницата на која ќе се гласа за потврдување на Планот за поделба ќе ја утврди конечната листа на акционери кои преземаат удел во новооснованото друштво која воедно ќе биде и составен дел на потврдениот План за поделба.

Претседател на управен одбор на
ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, Билал Лутфии

________________________________

***ПРИЛОГ 3 – План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, со прилози***

Врз основа на член 521 став 3 точка 3 од Законот за трговските друштва, управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - Тетово со седиште на ул.Илинденска бр.18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 на седницата одржана на ден 24.11.2025 година, го изготви следниот:

**СПИСОК**

на вработени лица во ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - Тетово кои го продолжуваат работниот однос во новооснованото друштво - Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово

Во ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - Тетово на денот на донесувањето на Планот за поделба по модел издвојување со основање нема вработени лица, ниту пак постојат лица кои ќе го продолжат работниот однос во новооснованото друштво Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово.

Претседател на управен одбор на
ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово,
Билал Лутфии

______________________

***ПРИЛОГ 4 – План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, со прилози***

Управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - Тетово со седиште на ул.Илинденска бр.18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 на седницата одржана на ден 24.11.2025 година, го изготви следниот:

**СПИСОК**

на договори за закуп кои се однесуваат на недвижниот имот предмет на поделба склучени од ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - Тетово кои ќе бидат преземени од новооснованото Трговско друштво ЕЛИТЕ РЕНТ ГРОУП ДОО Тетово

Во постапката за поделба по моделот – издвојување со основање, правата и обврските кои произлегуваат од сите важеки договори за закуп кои се однесуваат на недвижниот имот предмет на поделбата склучени од страна на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - Тетово како закуподавец, ќе бидат преземени од страна на новооснованото друштво под истите услови под кои Договорите за закуп биле склучени, предмет на пренесување се следните договори:

1. ДОГОВОР за засновање на право на долготраен закуп на недвижен имот – објект (трафостаница) склучен со закупец ЕВН Македонија АД Скопје на ден 15.12.2015 година, заведен од ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово под бр.0307-483/1 од 15.12.2015 година и заведен од ЕВН Македонија АД Скопје под бр.03-25248/1 од 15.12.2015 година, солемнизиран под ОДУ.бр.1049/15 од Нотар Наџи Зекири од Тетово на ден 15.12.2015 година

Доколку од страна на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало - Тетово биле склучени и други договори за закуп и анекси кои не се опфатени со овој список а се однесуваат за предметниот недвижен имот, тие договори и анекси исто така ќе бидат преземени од новооснованото друштво под истите услови под кои биле склучени.

Претседател на управен одбор на
ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово,
Билал Лутфии

______________________________

***ПРИЛОГ 5 – План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, со прилози***

Во согласност со член 16 и 17 од План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало – Тетово, донесен на седница на управниот одбор на друштвото одржана на ден 24.11.2025 година составен во форма на нотарски акт ОДУ бр.(внесте број) на Нотар Нита Џафери – Исени од Тетово, јас долупотпишаниот/долупотпишаната:

_________________________________ со живеалиште во ______________ на ул."_______________________", бр.________ ________, со ЕМБГ ______________________

како акционер кој поседува __________ обични акции ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

Доброволно, самостојно и слободно на ден _________ година ја давам следната:

**ИЗЈАВА**

